Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
СЕКТОР ЗА ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР ЗА 2022 ГОДИНА

Дел. Бр. _____ **Љупчо Грнчиштанов**
[име и презиме]

Датум: _____ **Раководител на сектор**
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

Место: **Скопје** **(м.п.)** _____
[потпис]

Врз основа на член 31, став (1), точка 4, алинеја 2 и член 33, став (1) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ“ бр. 102/19), раководителот на инспекциската служба во Дирекцијата за заштита и спасување, донесува Годишен план за работа на Секторот за генерален инспектор за 2022 година, кој, во согласност со член 33, став (2) од ЗИН, се доставува до Инспекцискиот совет, за писмена согласност.

Содржината на Годишниот план за работа на Секторот за генерален инспектор за 2022 година, е изработен согласно Правилникот за содржината и формата на Годишниот план за работа на инспекциската служба („Сл. весник на РСМ“ бр. 238/19).

Резиме

1. Анализа на ризици

Ризични области во кои се врши инспекцискиот надзор, се урбанистичко-технички мерки и хуманитарни мерки, определени согласно Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори кај субјектите во областа на заштитата и спасувањето, по која се врши планирањето на извршувањето на инспекциските надзори за 2022 година.

2. Организација и раководење

Секторот за генерален инспектор е организациона единица во состав на Дирекцијата за заштита и спасување, кој согласно тековниот Правилник за внатрешна организација на Дирекцијата за заштита и спасување, е составен од две одделенија. Моменталната состојба на вработени во Секторот е: вкупно 21 вработено лице, од кои 1 лице е административен службеник, 1 лице административен службеник вработен на определено време, 1 лице е инспектор без положен испит и лиценца за инспектор, 1 лице е инспектор без овластувања, без положен испит и лиценца за инспектор и 17 се инспектори со лиценца кои вршат надзор.

3. Инспекциски надзор

Во 2022 година, вкупно 17 инспектори ќе вршат надзор при што се планирани вкупно 1.230 надзори, од кои 723 редовни, 154 вонредни и 353 контролни инспекциски надзори, кои ќе се вршат согласно мерките и препораките на владата за заштита и превенција од КОВИД-19. Исто така ќе се постапува и по поднесени барања за добивање на овластување согласно Законот за пожарникарство како и барања и претставки поднесени од страна на правни и физички лица.

4. Обука на инспекторите и административните службеници

Во текот на 2022 година обуките на инспекторите ќе се извршуваат согласно Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2022 година, кој ќе биде донесен од ДЗС во текот на ноември 2021 година и согласно Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година донесена од Инспекциски совет. Административните службеници во секторот ќе посетуваат обука согласно Годишниот план за генерички обуки за административни службеници за 2022 год.

5. Буџет и финансирање

СГИ користи финансиски средства од буџетот на ДЗС со посебна ставка. Распоредени средства од вкупниот буџет на ДЗС за СГИ се 60.000,00 денари со кои треба да се покријат службените патувања во државата и набавка на записници, уписници и останати документи. Останатите потребни средства за плати, трошоци за гориво, одржување и останати услуги и набавки за потребите на Секторот се покриваат од вкупниот буџет на ДЗС за 2022 год;

6. Остварување на меѓународната соработка во рамките на ДЗС

Меѓународна соработка во областа на инспекцискиот надзор за 2022 година, не е предвидена, а истата ја води друг сектор и одделение во ДЗС;

7. Останати активности надвор од вршењето на инспекцискиот надзор

Земајќи ги во предвид претходните години и искуства во областа, за наредната година се очекува ангажирање на дел од инспекторите во вршење на увиди од настанати пожари и несреќи, извршување на оперативни активности за гасење на пожари во периодот од јуни до септември и активности од други појавени несреќи или катастрофи.

Анализа на ризици

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори, кај субјектите во областа на заштитата и спасувањето, се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Дирекцијата за заштита и спасување и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на заштитата и спасувањето. Оваа методологија се однесува на сите субјекти кои се предмет на инспекциски надзор и се применува од инспекторите од Дирекцијата за заштита и спасување.

Ризични области во кои се врши инспекцискиот надзор, се урбанистичко-технички мерки и хуманитарни мерки, односно изработката на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности, вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа, уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување, воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација (Дополнителна табела 1).

Дополнителна табела 1 Области на дејности и групи на субјекти каде Дирекцијата за заштита и спасување врши надзор

Области на дејности	Групи субјекти во дејноста
1. Урбанистичко-технички мерки	Државни органи, Органи на државната управа, Органи на единиците на локалната самоуправа, Јавните претпријатија, Јавните установи и служби, Трговски друштва, Здруженија на граѓани, Граѓани
2. Хуманитарни мерки	Државни органи, Органи на државната управа, Органи на единиците на локалната самоуправа, Јавните претпријатија, Јавните установи и служби, Трговски друштва, Здруженија на граѓани, Граѓани

Методологијата ги опфаќа само редовните надзори и со неа се оценува ризикот на субјектите под надзор пред да настане несреќен случај и штета, што значи ги покрива само превентивните мерки.

Согласно член 3 од Законот за пожарникарството, пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита и спасување во Републиката, па според тоа и активностите односно надзорот во двете подрачја најчесто се извршува истовремено. Тргнувајќи од законските и подзаконските акти, идентификувани се неколку карактеристични загрозувања кои се со зголемен ризик од настанување на несреќи, а истите се земени како критериуми за определување на степен на сложеност на инспекцискиот надзор и врз основа на кои е изработена и донесена Одлуката за утврдување на коефициентот на сложеност на инспекцискиот надзор со бр.02-159/1 од 14.01.2015 год.

Организација и раководење

Секторот за генерален инспектор е организациона единица во состав на Дирекцијата за заштита и спасување, кој согласно тековниот Правилник за внатрешна организација на Дирекцијата за заштита и спасување, е составен од две одделенија и тоа:

- Одделение за инспекциски надзор и
- Одделение за правни, административни работи и аналитика

Инспекторите за заштита и спасување, се распоредени во Одделението за инспекциски надзор, а со Одлуката за распоредување на работници, се распоредуваат да вршат работни задачи во соодветни општини односно подрачни одделенија на ДЗС. Со одлуката се покриени следните општини во државата: Центар, Карпош, Ѓорче Петров и Сарај, Чаир, Бутел,

Чучер Сандево и Шуто Оризари, Гази Баба, Арачиново, Илинден, Петровец, Битола, Могила, Новаци, Берово, Пехчево, Виница, Делчево и Македонска Каменица, Куманово, Липково, Старо Нагоричане, Охрид, Дебарца, Кичево, Прилеп, Долнени, Кривогаштани, Пробиштип, Штип, Карбинци, Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.

Инспекторите за заштита и спасување вршат инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) и Законот за пожарникарството („Сл. весник на Република Македонија" бр. 168/17) и прописите донесени врз основа на овие закони.

Работните места на инспекторите за заштита и спасување се утврдени согласно Законот за заштита и спасување.

Во Секторот вкупно се вработени, односно распоредени 21 лице, од кои:

- 1 лице е административен службеник - советник,
- 1 лице е административен службеник – архивар, вработен на определено време,
- 1 лице е инспектор, без положен испит и лиценца за инспектор кој се планира да полага испит на првиот закажан термин од оваа година. Истиот по добивање на судски спор е вратен на работа и работно место инспектор за заштита и спасување во текот на 2021 година, но лиценцата му е одземена од страна на Инспекцискиот совет,
- 1 лице е инспектор без овластувања (легитимација и значка), без положен испит и лиценца за инспектор (со виша школа вработен согласно Закон за заштита и спасување) и
- 17 се инспектори со лиценца за инспектор кои вршат надзор;.

Бројот на инспектори со лиценца за инспектор, кои вршат надзор е променет во однос на 2021 година, бидејќи двајца инспектори, вработени во 2020 година, во текот на 2021 година беа обучувани за самостојно вршење на инспекциски надзор, со што во текот на 2022 година самостојно ќе извршуваат инспекциски надзори.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

Вид	**Инспектор за заштита и спасување**					
Ниво-Звање/Возраст	**<30 г.**	**31-40 г.**	**41-50 г.**	**51-60 г.**	**>60 г.**	**Вкупно**
Б1 – генерален инспектор				1		1
Б2 – пом. на генералниот инспектор		1		1		2
В1 – инспектор	0	5	6	3	0	14
Вкупно	**0**	**6**	**6**	**5**	**0**	**17**

За 2022 година не се планирани пензионирања и вработувања на нови инспектори (Табела 3).

Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

Вид	Инспектор за заштита и спасување		
Ниво-Звање/Возраст	Враб.	Пенз.	Разлика
Б1 – генерален инспектор	0	0	0
Б2 – пом.ген. инспектор	0	0	0
В1 – инспектор	0	0	0
Вкупно	0	0	0

За прашања поврзани со човечките ресурси активности презема самостојно одделение за управување со човечки ресурси во состав на ДЗС.

Инспекциски надзор

Во текот на 2022 година се планирани вкупно 1.230 надзори, од кои 723 редовни, 154 вонредни и 353 контролни инспекциски надзори.

Планирањето на бројот на инспекциските надзори за 2022 година е извршено врз основа на податоците за извршени надзори за периодот од 2016 до 2019 година, при што бројките укажуваат на минималниот и максималниот број на извршени надзори кои може да ги оствари секторот со расположливите човечки и материјално-технички ресурси.

Дополнителна табела 2 Планирани и извршени инспекциски надзори, по видови, во периодот 2016-2019 година

	Година											
	2019			2018			2017			2016		
	Ред.	Кон.	Вон.	Ред.	Кон.	Вон.	Ред.	Кон.	Вон.	Ред.	Кон.	Вон.
Број на планирани надзори	972	464	184	803	745	248	1420	637	75	2037	2049	115
Број на извршени надзори	998	246	361	1078	217	431	1284	394	497	1741	526	526

Имено, имајќи го во предвид фактот што во наведениот период се пензионирани значителен број на инспектори, а видно од намалениот број на надзори со изминување на годините, анализата покажува дека на годишно ниво:

- Редовните надзори се движат од минимум 998 до максимум 1741
- Контролните надзори се движат од минимум 217 до максимум 526
- Вонредните надзори се движат од минимум 361 до максимум 526

Бројот на редовните надзори е планиран согласно претходно наведеното, но остварувањето во голема мера ќе зависи од состојбата во државата предизвикана од вирусот КОВИД-19, односно од условите за безбедно извршување на планираните надзори, како и од

одлуките кои ќе ги носи Владата за превенција и спречување на ширење на вирусот КОВИД-19.

Бројот на контролните надзори планиран е согласно бројот на очекуваните неправилности кои ќе се најдат кај правните субјекти.

Бројот на вонредните надзори варира во зависност од бројот на пријави и претставки и сл., како и од видот на акциите иницирани од страна на Владата на РСМ, Директорот на Дирекцијата како и од други институции.

Во 2022 година ќе се постапува и по поднесени барања од страна на правни лица за добивање на:

- Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси, и
- Овластување за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати;

Иако не се покриени сите општини со инспектор за заштита и спасување, планирано е во истите да се извршат инспекциски надзори со инспектори од Скопје или од соседни општини и истото ќе биде остварено во зависност од расположливите материјално-технички ресурси. Во истите покрај вршење на инспекциски надзор, инспектор за заштита и спасување ќе биде пратен и за вршење на увид на пожар или друга несреќа по барање на Јавен обвинител или увидна екипа од Министерството за внатрешни работи.

Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2022 година, по региони и општини

Ред.Бр.	Регион/Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
	Вардарски регион	**9**	**13**	**5**	**27**	**5**
1	**Велес**	1	1	1	3	1
2	**Градско**		1		1	0
3	**Демир Капија**	1	1	1	3	1
4	**Кавадарци**	3	3	1	7	1
5	**Лозово**		1		1	0
6	**Неготино**	3	3	1	7	1
7	**Росоман**		1		1	0
8	**Свети Николе**	1	1	1	3	1
9	**Чашка**		1		1	0
	Источен регион	**194**	**20**	**88**	**302**	**88**
10	**Берово**	48	3	22	73	22
11	**Виница**	48	3	22	73	22
12	**Делчево**	48	3	22	73	22
13	**Зрновци**		1		1	0
14	**Карбинци**		1		1	0
15	**Кочани**	1	1	1	3	1
16	**Македонска Каменица**		1		1	0

Ред.Бр.	Регион/Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
17	Пехчево	1	1	1	3	1
18	Пробиштип	24	1	10	35	10
19	Чешиново		1		1	0
20	Штип	24	4	10	38	10
	Југозападен регион	**99**	**13**	**47**	**159**	**47**
21	Вевчани		1		1	0
22	Дебар	1	1	1	3	1
23	Дебарца	8	1	4	13	4
24	Кичево	48	3	20	71	20
25	Македонски Брод	2	1	2	5	2
26	Охрид	40	3	20	63	20
27	Пласница		1		1	0
28	Струга		1		1	0
29	Центар Жупа		1		1	0
	Југоисточен регион	**52**	**12**	**26**	**90**	**26**
30	Богданци		1		1	0
31	Босилово	3	1	1	5	1
32	Валандово	1	1	1	3	1
33	Василево	3	1	1	5	1
34	Гевгелија	2	1	1	4	1
35	Дојран	1	1	1	3	1
36	Конче		1		1	0
37	Ново Село	2	1	1	4	1
38	Радовиш		1		1	0
39	Струмица	40	3	20	63	20
	Пелагониски регион	**99**	**11**	**50**	**160**	**50**
40	Битола	40	1	20	61	20
41	Демир Хисар	1	1	1	3	1
42	Долнени	3	1	1	5	1
43	Кривогаштани	5	1	2	8	2
44	Крушево	1	1	1	3	1
45	Могила	4	1	2	7	2
46	Новаци	4	1	2	7	2
47	Прилеп	40	3	20	63	20
48	Ресен	1	1	1	3	1
	Полошки регион	**9**	**11**	**4**	**24**	**4**
49	Боговиње		1		1	0
50	Брвеница		1		1	0
51	Врапчиште		1		1	0
52	Гостивар	3	2	1	6	1
53	Желино		1		1	0
54	Јегуновце		1		1	0
55	Маврово и Ростуша	1	1	1	3	1
56	Теарце	1	1	1	3	1
57	Тетово	4	2	1	7	1

Ред.Бр.	Регион/Општина	Вид на надзор			Вкупно надзори	Вкупно неправилн.
		Редовен надзор	Вонред. надзор	Контрол. надзор		
	Североисточен регион	**50**	**8**	**25**	**83**	**25**
58	Кратово	1	1	1	3	1
59	Крива Паланка	1	1	1	3	1
60	Куманово	40	3	20	63	20
61	Липково	2	1	1	4	1
62	Ранковце	3	1	1	5	1
63	Старо Нагоричане	3	1	1	5	1
	Скопски регион	**211**	**66**	**108**	**385**	**108**
64	Аеродром	5	10	2	17	2
65	Арачиново	2	1	1	4	1
66	Бутел	30	5	15	50	15
67	Гази Баба	20	10	10	40	10
68	Ѓорче Петров	20	5	10	35	10
69	Зелениково	2	1	1	4	1
70	Илинден	20	5	10	35	10
71	Карпош	24	5	12	41	12
72	Кисела Вода	5	5	1	11	1
73	Петровец	8	1	8	17	8
74	Сарај	4	1	4	9	4
75	Сопиште	3	1	1	5	1
76	Студеничани		1		1	0
77	Центар	50	10	20	80	20
78	Чаир	10	3	5	18	5
79	Чучер-Сандево	4	1	4	9	4
80	Шуто Оризари	4	1	4	9	4
	ВКУПНО	**723**	**154**	**353**	**1230**	**353**

Обука на инспекторите и административните службеници

Во текот на 2022 година, обуките на инспекторите ќе се извршуваат согласно Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2022 година кој ќе биде донесен од ДЗС во текот на ноември 2021 година и согласно Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година донесена од Инспекциски совет.

Согласно Годишната програма за генерички обуки за инспектори за 2022 година за инспекторите, во годишниот план за обуки на ДЗС определена е обука за следните теми:

- Тема 1.4 – Постапување по претставки и предлози,прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) - 6 часа предавања/вежби
- Тема 1.5 – Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работење, Упатство за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење кое подетално

го разработува канцелариското и архивското работење, Правилник за формата, содржината и начинот на водење на посебна евиденција за податоците што се однесуваат на инспекциската постапка со кој се уредува инспекциската евиденција која задолжително ја водат инспекторите) 6 часа предавања/вежби

- Тема 1.12 – Надлежности на Државната Комисијата за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка - 6 часа предавања/вежби

Административните службеници во секторот ќе посетуваат обука согласно планот на ДЗС и Годишната програма за генерички обуки на административните службеници за 2022 година.

Буџет и финансирање

СГИ користи финансиски средства од буџетот на ДЗС со посебна ставка. Предлог средства од вкупниот буџет на ДЗС за СГИ се 60.000,00 денари со кои треба да се покријат службените патувања во државата и набавка на записници, уписници и останати документи.

Останатите потребни средства за плати, трошоци за гориво, одржување и останати услуги набавки за потребите на Секторот се покриваат од вкупниот буџет на ДЗС за и тоа:

Дополнителна табела 3 Предлог буџетско побарување на ДЗС за 2022 година.

Ред.бр	ОПИС НА ДЕЛОВИТЕ НА БУЏЕТОТ	Број на ставка	Максимален износ
1	**ВКУПНО ОДОБРЕН БУЏЕТ**		279.500.000
2.1	Патни и дневни расходи	420	1.000.000
2.2	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	421	1.000.000
2.3	Материјали и ситен инвентар	423	10.000.000
Буџет наменет за реализирање на политиките и проектите			
1.1	Осигурување на вработени и на обврзници	425230	450.000
1.2	Здравствен преглед на вработените	425490	350.000
1	Плати и надоместоци	40	136.300.000

Меѓународна соработка

Меѓународната соработка во Дирекцијата за заштита и спасување ја планира, организира и спроведува Одделението за меѓународна соработка, кое е во состав на друг сектор, а инспекторите се упатуваат на обуки или друг вид на настани по пристигната соодветна покана од страна на организаторите.

Меѓународна соработка во областа на инспекцискиот надзор за 2022 година, не е предвидена.

Други активности на инспекциската служба

Покрај вршење на инспекциски надзор, инспекторите за заштита и спасување ќе имаат и останати активности кои што треба да ги извршат согласно Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството. Земајќи ги во предвид претходните години и искуства во областа, за наредната година се очекува:

- ангажирање на дел од инспекторите во вршење на увиди од настанати пожари;
- ангажирање на дел од инспекторите во извршување на оперативни активности за гасење на пожари во периодот од јуни до септември;
- ангажирање на дел од инспекторите во извршување на оперативни активности од други појавени несреќи или катастрофи;
- по укажана потреба упатување на дел од инспекторите во извршување на оперативни активности за заштита и спасување надвор од државата како дел од тимовите за заштита и спасување во различни области;
- учество на дел од инспекторите во комисии и комитети формирани од Владата на РСМ или други органи на државната управа.

Исто така во текот на годината ќе бидат изработувани и донесувани документи и акти предвидени со Законот за инспекциски надзор.